## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 02.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6179 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот**: од 24 до 27 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 2 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** („За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно 18 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за политичките партии на власт можат да одвојат најмногу осум минути, за политичките партии во опозиција можат да одвојат најмногу осум минути, за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои немаат пратеничка група можат да одвојат една минута, а за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија можат да одвојат една минута")

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, емитуван од 24 до 27 ноември 2016 година, на државно ниво, констатирано е дека, спротивно на одредбите од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, во четири реални часа емитувана програма, емитуваше повеќе од 1 минута платено политичко рекламирање (ППР) за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија, а во еден реален час емитувана програма, емитуваше повеќе од 8 минути платено политичко рекламирање (ППР) за политичките партии во опозиција кои се застапени во Собранието на Република Македонија.

На 24 ноември 2016 година, во реалниот час од 18:00 до 19:00 ч., за два учесника во изборната кампања од политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија, наместо најмногу 1 минута, емитуваше 1 минута и 46 секунди платено политичко рекламирање. На 26 ноември 2016 година, во реалниот час од 18:00 до 19:00 часот, и во реалниот час од 19:00 до 20:00 часот, за истите учесници во

изборна кампања, наместо најмногу по 1 минута, емитуваше 1 минута и 45 секунди ППР во периодот од 18:00 до 19:00 ч., односно 1 минута и 22 секунди ППР во периодот од 19:00 до 20:00 часот.

**24.11.2016**

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 18:53:48 – 18:54:34 | 00:00:46 | Коалиција „Алијанса за Албанците“ |
| 18:54:36 – 18:55:36 | 00:01:00 | Движење БЕСА |
| **Вкупно:** | **00:01:46** | |

**26.11.2016**

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 18:50:41 – 18:51:02 | 00:00:21 | Движење БЕСА |
| 18:51:22 – 18:52:08 | 00:00:46 | Коалиција „Алијанса за Албанците“ |
| 18:52:10 – 18:52:29 | 00:00:19 | Движење БЕСА |
| 18:52:31 - 18:52:50 | 00:00:19 | Движење БЕСА |
| **Вкупно:** | **00:01:45** | |

**26.11.2016**

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 19:45:18 – 19:45:29 | 00:00:11 | Коалиција „Алијанса за Албанците“ |
| 19:53:12 – 19:54:12 | 00:01:00 | Движење БЕСА |
| 19:54:14 – 19:54:25 | 00:00:11 | Коалиција „Алијанса за Албанците“ |
| **Вкупно:** | **00:01:22** | |

На 26 ноември 2016 година, во реалниот час од 20:00 до 21:00 ч., за учесник во изборната кампања од политичките партии во опозиција, наместо најмногу 8 минути, емитуваше 8 минути и 35 секунди ППР.

**26.11.2016**

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 20:11:01 – 20:11:17 | 00:00:16 | Коалиција СДСМ |
| 20:11:19 – 20:12:15 | 00:00:56 | |
| 20:12:17 – 20:12:30 | 00:00:13 | |
| 20:12:33 – 20:13:33 | 00:01:00 | |
| 20:13:35 – 20:14:07 | 00:00:32 | |
| 20:14:27 – 20:15:01 | 00:00:34 | |
| 20:15:26 – 20:16:45 | 00:01:19 | |
| 20:16:48 – 20:17:04 | 00:00:16 | |
| 20:17:29 – 20:17:43 | 00:00:14 | |
| 20:17:45 – 20:21:00 | 00:03:15 | |
| **Вкупно:** | **00:08:35** | |

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

На 27 ноември 2016 година, во реалниот час од 18:00 до 19:00 ч., за два учесника во изборната кампања од политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија, наместо најмногу 1 минута, емитуваше 1 минута и 42 секунди ППР.

**27.11.2016**

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 18:52:05 – 18:52:51 | 00:00:46 | Коалиција „Алијанса за Албанците“ |
| 18:53:08 – 18:53:29 | 00:00:21 | Движење БЕСА |
| 18:53:50 – 18:54:09 | 00:00:19 | Движење БЕСА |
| 18:54:11 – 18:54:27 | 00:00:16 | Движење БЕСА |
| **Вкупно:** | **00:01:42** | |

***Сектор за програмски работи***